Врз основа на членовите 39 и 42 од Статутот на ,,Макпетрол” А.Д.- Скопје и членовите 384, 387 и 388-а од Законот за трговските друштва, а согласно со Одлуката за свикување Годишно собрание на ,,Макпетрол” А.Д.-Скопје, бр.0202-17/1 од 24.4.2019 година, Управниот одбор на ,,Макпетрол” А.Д. - Скопје, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**до акционерите за учество на Годишното собрание на акционерите на ,,Макпетрол” А.Д. - Скопје**

,,Макпетрол” Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати - Скопје, со седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр.4 објавува дека, на 8.6.2019 година со почеток во 12,00 часот во деловната зграда на Друштвото на V кат, на ул.Св.Кирил и Методиј бр.4 Скопје, ќе се одржи XXIII. седница на Годишното собрание на акционери, со следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**I ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**

- Избор на Претседавач на Собранието на Друштвото;
- Определување бројач/и на гласови;
- Верификација на список на присутни акционери, односно на нивни полномошници;
- Утврдување на бројот на гласови за работа и одлучување на Собранието (кворум) на Друштвото;

**II РАБОТЕН ДЕЛ**

**1. Расправа за Годишната сметка, Финансиските извештаи и Годишниот извештај за 2018 година на Друштвото**

**1.1. Разгледување на Годишната сметка, Посебните финансиски извештаи на Друштвото за 2018 година и Извештајот на независните ревизори**

- Предлог: Одлука за усвојување на Годишната сметка, Посебните финансиските извештаи на Друштвото за периодот од 1.1.2018 до 31.12.2018 година и Извештајот на независните ревизори;

**1.2. Разгледување на Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото и подружниците за 2018 година и Извештајот на независните ревизори**

- Предлог: Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка, Консолидираните финансиски извештаи на Друштвото и подружниците за периодот од 1.1.2018 до 31.12.2018 година и Извештајот на независните ревизори

**1.3. Разгледување на Годишниот извештај на Управниот одбор за работењето на Друштвото во 2018 година и на Годишниот извештај на Управниот одбор за консолидираните финансиски резултати на Друштвото во 2018 година**

- Предлог: Одлука за усвојување на Годишниот извештај на Управниот одбор за работењето на Друштвото во 2018 година и на Годишниот извештај на Управниот одбор за консолидираните финансиски резултати на Друштвото во 2018 година

**1.4. Разгледување на Извештајот на Надзорниот одбор за резултатите од контролата над управувањето и раководењето со Друштвото во 2018 година**

- Предлог: Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за резултатите од контролата над управувањето и раководењето со Друштвото во 2018 година;
- Предлог: Одлука за одобрување на работењето на членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2018 година;
- Предлог: Одлука за одобрување на работењето на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото во 2018 година

**2. Распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2018 година**

- Предлог: Одлука за враќање на износот од фондот за посебни резерви за купување на сопствени акции во акумулирана добивка на Друштвото;
- Предлог:Одлука за распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2018 година;
- Предлог: Одлука за плаќање на дивиденда по Годишната сметка на Друштвото за 2018 година (дивиденден календар);
- Предлог: Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**3. Определување на ревизори на Финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година**

- Предлог:Одлука за определување на ревизори на Финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година

**4. Одобрување на зделка со заинтересирана страна**

- Предлог: Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна

5. **Одлука за измена и дополнување на Статутот на Макпетрол АД Скопје**

- Предлог: Одлука за измена и дополнување на Статутот на Макпетрол АД Скопје

Акционерите на Собранието можат да присуствуваат лично или може да именуваат полномошник. Именувањето на полномошникот се врши со писмено полномошно. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото. Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен известувањето за даденото полномошно да го завери кај нотар или заедно со известувањето во затворен плик до Друштвото да приложи и соодветна документација за идентификација, и тоа:

1. За акционер  физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош.
2. За акционер домашно правно лице се приложува тековна состојба од Централниот регистар на Р.Македонија, во оригинал не постара од десет дена, а за акционер странско правно лице се приложува соодветен документ за регистрација на Друштвото, од државата каде што е основано, со превод од овластен судски преведувач, заверен на нотар.

Доколку повеќе акционери дале полномошно на еден полномошник, полномошникот е должен, пет работни дена пред одржување на Собранието на акционери или најдоцна до 3.6.2019  година, да  ја известува Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давањето на полномошната од акционерите. Известувањето се доставува со препорачана пратка или директно во архивата на Комисијата, со пополнет образец, кој може да се најде на интернет страницата на Друштвото, на адреса на Комисијата за хартии од вредност  ул.Македонија бр.25, Палата “Лазар Поп Трајков”, Поштенски фах/P.O.B.859,1000 Скопје.

За полномошници на Собранието може да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси, само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека, кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието за која им важи полномошното.

Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање на пополнет образец кој во оргинал мора да биде примен во Макпетрол најдоцна до 7.6.2019 година. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начиот на пополнување и идентификација на акционерите се достапни на интернет страницата на Друштвото.

Акционерите или нивните полномошници може да учествуваат на седницата на Собранието и да го остваруваат правото на глас само под услов своето учество да го пријавиле пред одржување на седницата на Собранието, како и да поседуваат документ за лична идентификација.

Пријавувањето на учеството на седницата акционерите го вршат со писмена пријава, а полномошниците кон писмената пријава приложуваат полномошно во оригинал и писмено известување од акционерот, дavател на полномошното, заверено на нотар или фотокопија од документацијата наведена во точка 1 или 2 погоре. Доставата се врши до ,,Макпетрол" А.Д. – Скопје, Дирекцијата за правни работи – Одделение за правни работи и нормативa (ул. Св.Кирил и Методиј бр.4 – Скопје).

Се повикуваат акционерите или нивните полномошници навремено да го пријават своето учество заради уредно спроведување на процедурата на седницата.

Согласно со Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и предлог одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието и/или предлагањето на одлуки за усвојување можат да го достават во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седницата на собранието, а подетални информации за постапката на доставување може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото.

Одговорите на поставените прашања на седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно со закон.

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од гласовите на сите присутни или претставени акционери.Одлуката по точката 4 од дневниот ред, Собранието ја донесува со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас. Одлуката по точката 5 од дневниот ред Собранието ја донесува со мнозинство од најмалку две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Гласањето е јавно.

Записникот го води нотар.

Материјалите што ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, како и предлозите се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, во деловните простории на Друштвото на ул.Св.Кирил и Методиј бр.4 Скопје (Одделение за правни работи и норматива, соба број 314), секој работен ден од 10:00 до 12:00 часот и се објавени на интернет страница на Друштвото.

Официјална интернет страница на Друштвото е: www.makpetrol.com.mk.

**„МАКПЕТРОЛ" А.Д. СКОПЈЕ**

**УПРАВЕН ОДБОР**